Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-2840/2

Скопје 23. 12. 2020 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-13/3 од 05.10.2020 година, министерот за правда, м-р Бојан Маричиќ ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за групна јавна набавка на стока - електрична енергија за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија

1. Се утврдува потреба за доделување на договор за групна јавна набавка на стоки со предмет: набавка на стоки - електрична енергија за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија за период од една година.

2. Предметот на набавка ќе се спроведе согласно склучениот Договор за извршување на групна набавка склучен согласно Спогодбата за заедничко уредување на меѓусебните права и обврски на корисниците на деловен објект на ул.„ Димитрие Чуповски" бр. 9 Скопје, а во врска со член 62 од Законот за јавните набавки.

3. Проценетата вредност на Договорот за јавна набавка изнесува 3.000.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 720.000,00 денари, вкупно со ДДВ во износ од 3.720.000,00 денари. Начинот на распределба на трошоците за електрична енергија е утврден во член 3 од Спогодбата за заедничко уредување на меѓусебните права и обврски на корисниците на деловниот објект на ул.„Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје заведена под Наш број 03-1985/1 од 21.03.2018 година, заведена под број 03-505/1 од 22.03.2018 година на Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите, заведена под број 0308-120/1 од 22.03.2018 година на Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како и заведена под број 03-24/1 од 22.03.2018 година на Друштво за производство, трговија и услуги КОНЦЕПТ КАФЕ ДООЕЛ – Струмица.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Digitally signed by
Bojan Marichikj
Date: 2020.12.23
15:18:55 CET

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за правда на Република Северна Македонија - 637, програма 10, ставка 421 во износ наведен како во член 3 од овој договор, Буџетот на Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Буџетот на Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите и Буџетот на Друштво за производство, трговија и услуги КОНЦЕПТ КАФЕ ДООЕЛ – Струмица сметка додека поединечните фактури ќе се плаќаат согласно наведената Спогодба.

4. Договорот за јавна набавка да се додели со спроведување на поедноставена отворена постапка согласно член 49 а од Законот за јавните набавки.

5. Постапката да заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во поедноставената отворената постапка согласно со член 59 од Законот за јавните набавки.

6. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН..

7. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка кој ќе го потпишат сите договорни страни од договорот за групна набавка.

8. За целосна реализација на постапката на доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:

   - Претседател: Петар Мирковиќ
   - Член: Мартина Ѓорѓиевски, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите
   - Член: Александра Трајаноска, Министерство за правда на Република Македонија – Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

- Заменик Претседател: Михајло Војтикив
- Член: Драган Нешковски, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите
- Заменик Член: Сања Давиткова – Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права

9. За реализирање на оваа постапка нема да се ангажираат надворешни стручни лица.

10. Се задолжува Комисијата од член 8 да ја спроведе оваа одлука согласно со одредбите од член 59 од Законот за јавните набавки.

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**м-р Бојан Маричиќ**

**Доставено до:**
**-Комисијата за јавни набавки**
**-Секторот за финансиски прашања**

**Подготвила: Марина Миновска, советник**
**Одобрила: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification